РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 03-181/6
25.07. 2022 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ
СКОПЈЕ
Примено: 25 07 2022

| Оргединица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 08 | 51/4 | | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 35 седница одржана на 13.04.2022 година, донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Филмско и тв снимање", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за драмски уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Филмско и тв снимање", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за драмски уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран филмски и тв снимател /во меѓународен промет академски студии назив: Bachelor/baccalaureus/bacalaurea in cinematography.

4. Научно - истражувачко подрачје: 6 Хуманистички науки
Научно – истражувачко поле: 608 Драмски уметности
Научно – истражувачка област: 60803 Филмска и тв режија, тв сценарио, тв камера, тв монтажа, тв и радио игра.

5. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 10 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

По предходно донесената Одлука бр. 02 - 325/11 од 28.02.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Филмско и тв снимање , прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за драмски уметности, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08 -51/1 од 28.01.2022 година (наш бр. 08 - 181/1 од 31.01.2022 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 31-та седницата одржана на 09.02.2022 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 181/3 од 12.05.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 35 та седница одржана на 13.04.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова